ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПЛАТИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

# ВО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

01 2020 40 03/1

Скопје, јули 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

| | |
|---|---|
| Резиме | 1 - 2 |
| Вовед | 3 - 4 |
| Цели, критериуми и период на вршење на ревизијата | 4 - 5 |
| Наоди и препораки | 5 - 9 |
| Заклучок | 9 - 10 |
| Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет | 10 - 13 |

Прилози

Прилог 1 - Исплатени плати на јавни обвинители и јавнообвинителски службеници за период 2016 - 2019 година;
Прилог 2 - Исплатени додатоци на плата за периодот септември 2015 - декември 2015 година;
Прилог 3 - Исплатени додатоци на плата на Јавен обвинител и јавни обвинители за период 2016 - 2019 година;
Прилог 4 - Исплатени додатоци на плата на јавнообвинителски службеници и помошно - технички персонал за период 2016 - 2019 година;
Прилог 5 - Исплатени додатоци на плата на истражители за период 2016 - 2019 година;
Прилог 6 - Забелешки на Нацрт извештај;
Прилог 7 – Одговор на Забелешки на Нацрт извештај.

Кратенки користени во извештајот:

СЈО - Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите;

РСМ - Република Северна Македонија.

Закон за СЈО - Закон за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите;

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-82/13

Дата: 05.08.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите“, за период од 2015 до 2019 година.

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека остварувањето на правото на плата, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.
Исто така утврдивме дека освен утврдените состојби кои се однесуваат на исплатените додатоци за 2015 година, остварувањето на правото на додатоците на плата, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.
Во однос на остварувањето на правото на другите надоместоци, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата утврдивме дека истите не се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти. Констатираните состојби кои се однесуваат на остварување на правото на други надоместоци произлегуваат од информациите кои имаат степен на класификација и се дел на посебен извештај.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за усогласеност на исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

Со извршената ревизија констатиравме дека начинот на утврдување на правото на основната плата, пресметката и исплата на платата на јавните обвинители и

вработените во јавнообвинителската служба во однос на утврдените коефициенти на плата на јавните обвинители и бодовите со кои се обезбедува вреднување на соодветниот степен на образование, работното место и работното искуство на јавнообвинителските службеници, се во согласност со законската регулатива.

Во однос на исплатените средства по основ на додатоци на плата на јавните обвинители, вработените во јавнообвинителската служба и истражителите, констатиравме дека правото на додаток е утврдено и исплатено во рамките на предвидениот законски лимит. Истакнуваме дека износот на исплатените додатоци за 2015 година го надминува износот на исплатените средства за основната плата по лице. За овие додатоци на плата не се пресметани и исплатени придонеси за социјално осигурување, односно истите имале третман на надоместок, за кој СЈО има платено само персонален данок на доход.

Правото на додаток на плата на истражителите е уредено со правилник, донесен од Јавниот обвинител на СЈО, во кој се утврдени додатоците во апсолутен износ, кои во вкупен износ го надминуваат законски утврдениот лимит од 35% од основната плата. Констатиравме дека одредбите од правилникот не се применуваат односно правото на додаток е утврдено и исплатено во рамки на предвидениот законски лимит од 35%.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на:

- правниот статус на СЈО, како неактивен правен субјект, неговото законско уредување во однос на основањето, организирањето, функционирањето, укинувањето, начинот на раководење со работата на СЈО од страна на специјалниот јавен обвинител, формата на отчетност пред Собранието на РСМ и Советот на јавните обвинители, мандатот на Јавниот обвинител на СЈО и на останатите јавни обвинители и
- неможноста за редовно подмирување на тековните обврски кои произлегуваат од работењето на СЈО, поради негово функционирање заклучно до 30.06.2020 година без одговорно лице, кое е разрешено на ден 14.09.2019 година, создава можност од поведување на судски спорови и дополнителен одлив на буџетски средства.

Од страна на поранешниот јавен обвинител на СЈО, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и не се прифатени.

## 1. Вовед

1.1. Извршена е ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите", за период од 2015 до 2019 година, иако одредени области, прашања и настани се опфатени и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

1.2. Ревизијата на усогласеност на исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Од страна на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција доставено е барање за вршење на ревизија - Барање за постапување, заведено во Државниот завод за ревизија под број 09-630/1 од 17.12.2019 година.

Согласно член 29 од Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија се стекна со информации кои имаат степен на класификација и тоа во делот на остварување на правото на други надоместоци, поради што изготви посебен извештај, согласно со Законот за класифицирани информации.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за усогласеност на исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.

1.4. Исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите се одговорност на раководството на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите застапувано од:

- Катица Јанева, јавен обвинител од 15.09.2015 година до 14.09.2019 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешни контроли кои што се релевантни за начинот на исплата на средствата за плати и додатоци на плати на вработените и други надоместоци. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека

исплатените средства за плати и додатоци на плати на вработените и други надоместоци се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за усогласеноста на исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци со релевантната законска регулатива и интерните акти.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали исплатените средства за плати и додатоци на плати и други надоместоци се во согласност со законската регулатива и интерните акти.
Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

## 2. Цели, критериуми и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите" е да се приберат достатни соодветни ревизорски докази за да се донесе заклучок дали активностите и информациите во врска со остварувањето на правото на плата, додатоци на плата и други надоместоци, точноста на пресметката, нивното евидентирање и исплата за периодот од 2015 до 2019 година, се во согласност, во сите материјални аспекти, со критериумите кои ја уредуваат оваа област.
На донесениот заклучок на ревизорот за усогласеноста за исплатените средства за плати и додатоци на плати со релевантната законска регулатива и интерните акти, влијаат и констатираните состојби кои се однесуваат на остварување на правото на другите надоместоци, кои произлегуваат од информациите кои имаат степен на класификација дадена од страна на одговорното лице на СЈО и се дел на посебен извештај.

2.2. Критериуми во однос на кои предметната материја е споредувана, се:

- Закон за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите;
- Закон за платите на јавните обвинители;
- Закон за јавнообвинителска служба;
- Закон за класифицирани информации;
- Закон за буџетите,
- Закон за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- Правилник за висината на додатоците на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и на јавните обвинители во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите;
- Правилник за висината на додатоците на истражителите доделени на работа на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите;
- Правилник за ангажирање и исплата на надоместоци за предавачи по потреба, технички советници, експерти и преведувачи и
- Интерни акти кои содржат информации кои имаат степен на класификација дадени од страна на одговорното лице на СЈО.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.02.2020 до 08.05.2020 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице од Јавното обвинителство на РСМ, на ден 03.06.2020 година.
На истиот ден направен е обид да се изврши презентирање на прашањата кои ги покрива овој извештај и пред одговорното лице на субјектот предмет на ревизија.

На ден 27.07.2020 година, од страна на поранешниот јавен обвинител на СЈО добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-82/12 од 27.07.2020 година.

Забелешките се разгледани и не се прифатени.

Текстот на забелешките и одговорот на овластениот државен ревизор се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Констатирани се следните состојби:

3.1. **Усогласеност со закони и прописи**

3.1.1. Системот на плати, додатоци на плата, други надоместоци и примања на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската служба е уреден со Законот за СЈО, Законот за плати на јавните обвинители[1] и Законот за јавнообвинителска служба[2].

Извршивме увид и анализа на начинот на утврдување, пресметка и исплата на **основната плата** на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската служба и тоа во однос на:

- коефициенти на плата на јавните обвинители;
- бодови со кои се вреднува степенот на образование, работното место и работното искуство на јавнообвинителските службеници;
- потребните стручни квалификации, работното искуство во струката, општите и посебните работни компетенции и други критериуми од значење за поодделните работни места наведени во решенијата на вработените, потврдени со примена на ревизорска техника на избор на примерок, заради обезбедување на ревизорски докази кои ни обезбедија доволно ниво на уверување во врска со наведеното,

при што констатиравме дека за периодот предмет на ревизија, исплатени се средства во вкупен износ од 130.626 илјади денари по основ на нето плата, во согласност со законската регулатива, прикажани во Прилог 1 кон овој Извештај.

3.1.2. Правото на додаток на плата на **Јавниот обвинител и јавните обвинители** во СЈО е уредено со член 14 од Законот за СЈО, согласно кој утврдени се додатоци на плата и тоа:

- додаток за посебните услови за работа,
- додаток за постоење на висок ризик и
- додаток за доверливост.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на јавните обвинители од декември 2015 година, уредено е дека вкупниот износ на висината на додатоците не може да изнесува повеќе од 35% од основната плата на јавниот обвинител, додека за висината и начинот на утврдување на додатоците, потребно е јавниот обвинител да донесе посебен акт.

[1] "Службен весник на Република Македонија" бр. 153/09, 67/10, 97/10 и 231/15
[2] "Службен весник на Република Македонија" бр. 62/15, 231/15, 11/16 и 21/18

Со примена на детални тестирања и со извршениот увид во доставената документација и анализата на податоци во деловните книги, како и донесените акти од Јавниот обвинител на СЈО со кои се уредува висината и начинот на утврдување на правото на додатоци на плата, констатиравме дека за периодот **септември – декември 2015 година** по основ на додатоци на плата на Јавниот обвинител и јавните обвинители во СЈО исплатени се средства во вкупен износ 2.185 илјади денари, прикажани во Прилог 2 кон овој Извештај. Висината на наведените додатоци е уредена со правилник[3], со кој се утврдени додатоци во апсолутни износи и тоа:

- додаток за посебни услови за работа во нето износ од 15 илјади денари;
- за постоење на висок ризик во нето износ од 25 илјади денари и
- додаток за доверливост во нето износ од 30 илјади денари.

Ревизијата истакнува дека со ваквиот начин на утврдување на висината на додатоците во 2015 година, износот на исплатените додатоци го надминува износот на исплатените средства за основната плата по лице. За овие додатоци на плата не се пресметани и исплатени придонеси за социјално осигурување, односно истите имале третман на надоместок за кој СЈО има платено само персонален данок на доход во вкупен износ од 243 илјади денари.

На ден 09.02.2016 година, по донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на јавните обвинители од декември 2015 година, Јавниот обвинител на СЈО има донесено нов Правилник[4] со кој додатоците на плата на јавните обвинители се утврдени во проценти од основната плата и истиот започнува да се применува со исплатата на плата за **месец март 2016 година**. Заклучно со платата за месец август 2019 година на јавните обвинители исплатени се средства во вкупен износ од 14.019 илјади денари по основ на додатоци, во согласност со законската регулатива, прикажани одделно по лице и година во Прилог 3.

3.1.3. Додатоците и надоместоците на плати на **јавнообвинителските службеници** во СЈО се уредени со одредбите содржани во глава XVI од Законот за јавнообвинителска служба. Согласно член 120-к од законот исклучителната компонента на плата на јавнообвинителските службеници во СЈО ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа;
- додаток на плата за постоење на висок ризик;

[3] Правилник за висината на додатоците на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и на јавните обвинители во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите број А.бр.113/15 од 09.12.2015 година

[4] Правилник за висината на додатоците на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и на јавните обвинители во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите број А.бр.39/16 од 09.02.2016 година

- додаток на плата за доверливост и
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

Исто така, согласно член 120-л е утврдено дека износот на наведените додатоци ќе изнесува, кумулативно во висина до 35% од износот на основната плата. Јавниот обвинител на СЈО со решение утврдува кај кој од јавнообвинителските службеници постојат посебни услови за работа, висок ризик или доверливост, како и процентот на додатокот/додатоците.

Со примена на детални тестирања и со извршениот увид во доставената документација и анализата на податоци во деловните книги, донесените акти од Јавниот обвинител на СЈО, како и на начинот на утврдување, пресметка и исплата на додатоците, го констатиравме следново:

- правото на додаток на плата на вработените во јавнообвинителската служба се уредени со одделни решенија донесени од Јавниот обвинител на СЈО, со кои се утврдени основната и исклучителната компонента на платата и
- за периодот **март 2016 - август 2019 година** на сите **јавнообвинителски службеници** им е доделено право на додаток, за што се исплатени средства во вкупен износ од 31.034 илјади денари, во согласност со законската регулатива и истите се прикажани во Прилог 4 кон Извештајот, одделно по лице и година.

3.1.4. Специјалниот јавен обвинител може да вработи и **истражители** за работа во истражниот центар. Согласно член 120-м од Законот за јавнообвинителска служба, истражителите упатени на работа во СЈО имаат право на надоместок за посебни услови за работа, за висок ризик и за доверливост, во кумулативен износ до 35% од основната плата. Јавниот обвинител на СЈО со решение утврдува кај кој од доделените истражители постојат посебни услови за работа, висок ризик или доверливост, како и процентот на надоместокот/ надоместоците, но најмногу до кумулативно утврдениот процент.

- СЈО претставува единствено јавно обвинителство во земјата со формиран истражен центар согласно одредбите на член 48 и 50 од Законот за кривична постапка[5]. Во периодот предмет на ревизија, СЈО има ангажирано вкупно 27 истражители и тоа полициски службеници од Министерство за внатрешни работи (23 лица) и припадници на Управата за финансиска полиција (4 лица). Единствен акт кој и беше презентиран на ревизијата, со кој е уредено правото на додаток на истражителите е Правилник[6] донесен од Јавниот обвинител на СЈО, во кој се утврдени додатоци во апсолутен износ, кои во вкупен износ го надминуваат законски утврдениот лимит од 35% од

[5] „Службен весник на Република Македонија" (број 150/10,100/12,142/16,193/16 и 198/18);
[6]Правилник за висината на додатоците на истражителите доделени на работа на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите број А.бр.112/15 од 09.12.2015 година.

основната плата.
Со цел потврдување на точноста на податоците за исплатените средства по основ на додатоци, извршивме проверка на начинот на пресметка и исплата на истите, при што констатиравме дека одредбите од горе наведениот правилник кои се однесуваат на утврдените апсолутни износи за висината на додатоците не се применуваат односно правото на додаток е утврдено и исплатено во рамки на предвидениот законски лимит од 35%.
Вкупниот износ на исплатени средства на истражителите по горенаведениот основ за периодот од **март 2016 до август 2019 година** изнесува 10.769 илјади денари и истите се прикажани одделно по лице и години во Прилог 5 кон Извештајот.

Имајќи во предвид дека истражителите не се вработени во СЈО, туку се упатени на работа во истото, како и дека правото за плаќање на придонесите за социјално осигурување го остваруваат во институцијата од каде се упатени на работа во СЈО, за исплатените средства за додатоци пресметан е и уплатен персонален данок на доход во вкупен износ од 1.196 илјади денари.

**Основ за изразување на заклучок**

Ефектот од утврдените состојби во точка 3. погоре, кои се однесуваат на исплатените средства за плати и додатоци на плати како и ефектот од констатираните состојби кои се однесуваат на другите надоместоци и кои во вкупниот износ на исплатени средства по сите основи учествуваат со 60%, а се дел на посебен извештај, има влијание врз издадениот заклучок од страна на ревизијата.

## 4. Ревизорски заклучок

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека остварувањето на правото на плата, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.
Исто така утврдивме дека освен утврдените состојби во точка 3.1.2., остварувањето на правото на додатоците на плата, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.
Во однос на остварувањето на правото на другите надоместоци, точноста на пресметката, евидентирањето и исплатата утврдивме дека истите не се во согласност, во сите материјални аспекти, со релевантната законска регулатива и интерните акти.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. СЈО е основано со Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите[7], донесен од Собранието на РСМ на ден 15 септември 2015 година, а со кој се регулираат овластувањата, основањето, распуштањето, организирањето и функционирањето на СЈО.

СЈО е основано како привремена институција. Во Законот за СЈО е уредено дека истиот ќе биде на сила 5 години од неговото усвојување од страна на Собранието и може да се продолжи еднаш годишно со двотретинско мнозинско изгласување. Согласно Законот за СЈО, специјалниот јавен обвинител има мандат пократок за една година (четири години) од времетраењето на законот. Следствено на тоа, Законот за СЈО ќе престане да важи на 15 септември 2020 година, а од друга страна мандатот на специјалниот јавен обвинител ќе истече на 15 септември 2019 година.

СЈО претставува посебно обвинителство во рамките на правосудниот систем во земјата, независно и автономно од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. За разлика од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, чии надлежности се организирани во согласност со хиерархијата на судовите, СЈО е основано за „целата територија“ на државата, при што седиштето му е во град Скопје, а надлежно е да презема дејствија пред сите судови во државата.

Надлежностите на СЈО се ограничени на кривични дела поврзани со и кои произлегуваат од содржината на незаконски следените комуникации, од периодот помеѓу 2008 и 2015 година.

Со одредбите од законското решение на Јавниот обвинител на СЈО дадено му е дискреционо право самостојно да раководи со работата на СЈО, како и да има целосна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите. СЈО за својата работа одговара пред Собранието на РСМ и Советот на јавни обвинители. Во однос на отчетноста на СЈО пред советот, истата се однесува на поднесување на периодични извештаи на секои шест месеци, за активностите кои се однесуваат на било која истрага или гонење преземено од јавниот обвинител. Оваа форма на отчетност не предвидува контрола или одобрување на извештаите на СЈО од страна на Собранието и Советот.

[7] "Службен весник на Република Македонија" број 159/15.

Истакнуваме дека на ден 16.02.2020 година донесен е Закон за јавното обвинителство, објавен во „Службен весник на РСМ“ број 42/2020, кој влегува во сила и ќе започне да се применува од 30 јуни 2020 година. Во преодните и завршните одредби од овој закон уредено е дека со денот на започнување на примена на истиот престанува да важи Законот за јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, што подразбира и укинување на СЈО како правен субјект.
Советот на јавните обвинители на РСМ на ден 14.09.2019 година има донесено Решение[8] со кое Јавниот обвинител на СЈО се разрешува од функцијата. Имајќи ја предвид наведената состојба на разрешување на одговорното лице, како и одредбите од член 9 став 4 од Законот за СЈО согласно кој ......„*мандатот на јавните обвинители избрани во СЈО нема да го надмине мандатот на јавниот обвинител на СЈО“......*, Советот на јавните обвинители има донесено решенија со кои на денот на разрешување на Јавниот обвинител на СЈО се разрешени и останатите јавни обвинители кои беа избрани во СЈО.

Имајќи ја во предвид состојбата на отсуство на овластено лице, истакнуваме дека годишната сметка на СЈО за 2019 година не е доставена до Централен регистар на РСМ.
Со цел потврдување на правниот статус на СЈО, Државниот завод за ревизија од Централниот регистар на РСМ обезбеди „Трговски регистар и регистар на други правни лица - Тековна состојба“ и „Историјат на промени заклучно со 30.04.2020 година“, при што констатиравме дека СЈО има статус на „неактивен“ правен субјект.

5.2. Со донесувањето на Законот за СЈО се наметна потребата за уредување на специфичностите на јавнообвинителската служба во ова јавно обвинителство, во посебна глава во Законот за јавнообвинителска служба. Тоа е уредено со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителската служба[9], со кој е уреден начинот на вработување на јавнообвинителските службеници во СЈО, општите и посебните услови за вработување, мобилноста, преземањето, нивните права и должности, платите и надоместоците и други прашања.
Пополнувањето на работните места на јавнообвинителските службеници во СЈО се вршело преку спроведување на постапка за вработување преку објавување на јавен оглас и мобилност, преку распоредување или преземање. Работниот однос јавнообвинителските службеници во СЈО го засновале на определено време, до укинување на СЈО.

---

[8] СОР бр. 6/19 "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/19.
[9] "Службен весник на Република Македонија" бр. 231/15;

По укинување на СЈО уредено е дека вработените кои се распоредени/ преземени од други институции се враќаат во институцијата од која биле преземени на работно место на исто ниво.

Имајќи ги предвид одредбите на новиот Закон за јавното обвинителство согласно кои СЈО како правен субјект е укинат на ден 30.06.2020 година, истакнуваме дека вработените во јавнообвинителската служба се во активен работен однос до денот на неговото укинување.
Во услови на функционирање на правниот субјект без раководно лице, оневозможено е редовно подмирување на сите тековни обврски кои произлегуваат од редовното работење на СЈО. Обврските за плати на вработените во јавнообвинителската служба за месеците септември, октомври и ноември 2019 година се наплатени преку постапка за присилна наплата од парични средства спроведена од Управата за јавни приходи во износ од 13.567 илјади денари, во декември 2019 година.

Со цел подмирување на заостанатите неисплатени средства по основ на тековни трошоци за работа на СЈО, за неисплатени плати на јавнообвинителските службеници, на истражителите и лицата вработени во СЈО кои вршат технички и помошни работи, Владата на РСМ на ден 02.04.2020 година има донесено Уредба[10]. Со уредбата е предвидено дека за правата, обврските и одговорностите од работниот однос на јавнообвинителските службеници и лицата вработени во СЈО кои вршат технички и помошни работи, ќе одлучува Јавниот обвинител на РСМ. По наведената Уредба на ден 21.04.2020 година, исплатени се средства по основ на плата за вработените во јавнообвинителската служба за месеците декември 2019 година, јануари и февруари 2020 година, во вкупен износ од 17.965 илјади денари.

По поведена иницијатива за постапка за оценување на уставноста на донесената Уредба, Уставниот суд на РСМ на седницата одржана на 14.05.2020 година донесе Решение со кое ја поништи Уредбата, што подразбира дека истата во иднина нема да предизвикува правни дејствија и по истата нема да се постапува.

Ненавременото подмирување на тековните обврски кои произлегуваат од работењето на СЈО, создава можност од поведување на судски спорови и дополнителен одлив на средства од Буџетот на државата.

[10] Уредба со законска сила за јавнообвинителските службеници, истражителите и другите вработени во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и за финансирање на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите за време на вонредната состојба, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.90/2020 и 112/2020.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 27.07.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 11-82/12 | | |

**До Државен завод за ревизија**

**Ул.Павел Шатев бр.2**

**Палата Емануел Чучков - Скопје**

**Предмет:** Забелешки на Нацрт-извештај број 11-82/5 од 22.06.2020 година и Нацрт-извештај број 11-82/6 од 22.06.2020 година со ознака Доверливо од Катица Јанева од Гевгелија

## I. Забелешки кон двата нацрт-извештаи, кон постапката на изготвување и мое носење во просториите на ДЗР како и кон начинот на доставување на овие нацрт извештаи

Ја оспорувам законитоста во постапувањето на Државниот завод за ревизија и на ревизорскиот тим при изготвувањето на двата нацрт-извештаи кои ми се доставени на произнесување.

Видно од содржината на двата нацрт-извештаи произлегува дека Државниот завод за ревизија постапувал по барање на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во врска со ова, Прашувам со која цел и намена се изготвени ваквите извештаи и Врз основа на кои принципи и ревизорски стандарди се темели ваквото постапување на Државниот завод за ревизија?

Од целокупната законска регулатива која се однесува на постапувањето на Државниот завод за ревизија, не му е дадено право на ДЗР да се става во улога на давател на услуги на ОЈО ГОКК и да изготви наменски и селективен ревизорски извештај.

Од содржината на двата нацрт-извештаи повеќе од очигледно е дека Државниот завод за ревизија постапувал по нарачка на обвинителството, изготвувајќи незаконски и тенденциозен извештај.

Од самите нацрт-извештаи не е јасно која документација ја имал во предвид ревизорскиот тим при изготвување на овие Извештаи.

Го поставувам прашањето на кој начин е обезбедена документацијата која ја разгледувал ревизорскиот тим, односно дали таа документација (доколку ја има) е обезбедена врз основа на судска наредба???

Јас како Специјален јавен обвинител кој раководеше со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во понатамошниот

текст Специјално јавно обвинителство) не сум дала овластување на било кој да ја издава и предава документацијата од тоа обвинителство.

Го поставувам и прашањето дали е обезбедена целокупната документација,кој ја предавал документацијата, кому ја предавал и на каков начин???

Во изминатиот период воопшто не сум известена дека Државниот завод за ревизија врши Ревизија над работењето на Специјалното јавно обвинителство, ниту пак од мене биле побарани документи во врска со тоа.

Која е гаранцијата дека некој не сокрил одредени документи и дека нема тенденциозност во целото постапување?

Дури и сега, при доставата на двата нацрти на извештаите се повредени моите законски права за произнесување и ставање забелешки на истите.

Спротивно на закон е да се произнесувам за доставените извештаи, а да немам увид во документацијата која ја прегледувал ревизорскиот тим?

Спротивно на закон е да се произнесувам за доставените извештаи, а да немам увид во документацијата во Специјалното јавно обвинителство, која е оставена во просториите на Специјалното јавно обвинителство, јас не сум ја понела со себе и ја немам кај себе!!

Која е намената на Ревизорскиот извештај?

Очигледно е, а тоа произлегува и од пишувањата во медиумите, дека ОЈО за ГОКК води некоја предистражна кривична постапка.

Доколку е така, прашувам кое е моето својство во таа постапка?

Ревизорскиот тим незаконски постапи и при обидот за наводната презентација на ревизорскиот извештај на 03.06.2020 година.

Без воопшто предходно да бидам известена што се случува, бев присилно доведена во просториите на Државниот завод за ревизија, каде имаше и присутен јавен обвинител од ОЈО ГОКК. Да потсетам дека се наогам во кукен притвор и секое мое носење треба да биде со дозвола на судот и да имам присутен адвокат. СЕКОЕ ДРУГО ПОСТАПУВАЊЕ Е ПОВРЕДА НА МОИТЕ ПРАВА И Е СПРОТИВНО НА ЗАКОН.

**Во кое својство и врз основа на кои законски одредби кои го регулираат постапувањето на Државниот завод за ревизија беше присутен јавен обвинител, КОЈ ГО ДОЗВОЛИ ТОА ?**

Во ниту една одредба од законската регулатива не е предвидено Државниот завод за ревизија да се става во функција на нарачан кривичен прогон!

За сето ова незаконско и нечовечко постапување ке поднесам соодветни пријави против надлежните во Заводот за ревизија што постапувале на тој начин.

Обврска е да ме известите како одговорно лице на Специјалното јавно обвинителство, дека ке се врши ревизија?

**Зошто не е обезбедено мое присуство при одземањето на документацијата?**

Врз основа на кои одредби се заснова ваквото постапување и што е намената и целта на извештаите на Државниот завод за ревизија?

И дали неуспехот на обвинителството да ја докаже мојата наводна улога во таканаречениот случај Рекет, не резултира со ваквo постапување и обиди по секоја цена да бидам дискредитирана?

Да потенцирам, има неправосилна пресуда во овој случај не е конечна и за тоа крајниот збор ќе треба да го кажат повисоките судови во државава, но и меѓународните судови.

**II.Забелешки кон Нацрт-извештај број 11-82/6 од 22.06.2020 година со ознака Доверливо**

Иако целата постапка при наводното обезбедување на документација од Специјалното јавно обвинителство и изготвувањето на двата нацрт- извештаи е незаконито спроведена, и нема потреба од натамошно изнесување на забелешки кон нацрт-извештаите, сепак во интерес на вистината ќе изнесам само неколку моменти како забелешки во однос на Нацрт-извештајот број 11-82/6 од 22.06.2020 со ознака Доверливо.

Повторно нагласувам дека и во овој дел се повредени моите законски права, бидејќи немам пристап кон ниту еден документ во Специјалното јавно обвинителство, а за целосно произнесување ми е потребна на увид содржината на одредени документи.

1. Во ниту еден дел од нацртот не е наведен членот 6 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (во понатамошниот текст Законот за Специјалното јавно обвинителство) кој член мене, како Специјален јавен обвинител, ми ја гарантираше автономноста и самостојноста во раководењето на Специјалното јавно обвинителство.

Прашувам дали ви се познати причините поради кои беше формирано Специјалното јавно обвинителство?

Да потсетам, основната причина беше неработењето на редовното обвинителство и заробената држава.

Уште од првите денови по донесувањето на Законот за Специјалното јавно обвинителство, се соочив со отпорот на државата кон оваа институција.

И покрај сите опструкции и напади, успеав да формирам една институција која ќе остане забележана во историјата на правосудниот систем според начинот

на функционирање и резултатите кои ги постигна во исклучително краток период.

Прв пат во општеството е формирана ваква институција, со специјален закон ***(lex specialis).***

Дали при изготвувањето на извештајот, како ревизорскиот тим, го имавте во предвид едно од основните начела во правната доктрина и во примената на законите, воспоставено уште од римското право дека "*леџ спецалис дерогат леги генерали*". Во суштина тоа значи дека специјалниот закон има првенствена примена и дека во случај на судир помеѓу специјалниот и општиот (генерален) закон, специјалниот закон го дерогира општиот, генерален закон и има првенствена примена.

Во нацрт-извештајот се споменуваат Главата III - надоместок на плата, други надоместоци и примања од Законот за платите на јавните обвинители, Главата IV-Плата и надоместоци на плата на јавнообвинителските службеници и Главата XVI-а Јавнообвинителска служба во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите од Законот за јавнообвинителска служба и дека исплатата на средства по основ на Одлуките за почитување на принципот на тајност и за заштита на приватноста на граѓаните на РМ и на други лица, по мислење на ревизорите, не била во согласност со наведените законски акти.

Темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, согласно членот 8 став 1 алинеја 3, е владеење на правото. Меѓу другото, тоа значи дека важат општите правила за примена на правото, како што е правилото леџ специалис дерогат леги генерали. Во пракса, ова правило значи дека законите што регулираат една посебна област имаат предност во примената пред законите кои општо ја регулираат материјата и содржат генерални правила.

Законот за плати на јавните обвинители и Законот за јавнообвинителска служба во однос на Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите имаат статус на општи, генерални закони.

Истите се донесени пред донесувањето на Законот за Специјалното јавно обвинителство и пред формирањето на ова јавно обвинителство, така да во нив секако дека неможело да има одредби кои се однесуваат и на оваа специјална институција.

Во однос на измените кои се направени во овие закони кон крајот на 2015 година, поточно на 31.12.2015 година, за нештата да станат појасни потребно е да се има во предвид моментот кога се донесени овие измени.

Имено, јас како Специјален јавен обвинител, по мојот избор на оваа функција, согласно член 13 од Законот за Специјалното јавно обвинителство, доставив општ работен, персонален и финансиски план до Собранието на Република Македонија за известување, а истите ги доставив и до Владата на Република Македонија и до Советот на Јавни обвинители за нивна имплементација.

Укажувам дека не можам да ги наведам точните датуми за ова, бидејќи како што наведов и предходно, немам пристап до документацијата во Специјалното јавно обвинителство, но се надевам дека истите биле дадени или одземени и дека ревизорскиот тим ги видел овие документи.

Во финасискиот план многу јасно наведов дека во делот на платите на јавните обвинители и јавнообвинителската служба ќе се почитува законската регулатива, но во делот на додатоците ќе се применува Законот за Специјалното јавно обвинителство, а таквите додатоци беа вметнати и во финансискиот план. Интенцијата на ова беше вкупните примања на јавните обвинители и вработените во Специјалното јавно обвинителство да бидат во согласност со меѓународните и регионалните стандарди за ваков вид на јавнообвинителска работа и адекватни на одговорноста, сложеноста и посебните услови за работа со кои очекувано требаше да се соочиме јас како Специјален јавен обвинител, јавните обвинители како мои помошници, истражителите и сите останати вработени во Специјалното јавно обвинителство.

Донесов и Правилник за висината на тие додатоци, во тоа време само за јавните обвинители и истражителите кои ми беа доделени, бидејќи на почетокот и немаше други вработени во ова обвинителство.

Во тие моменти, кога фактички се формираше Специјалното јавно обвинителство, како еден од начините за опструкција на мојата работа, власта пристапи кон измени на Законот за плати на јавните обвинители и на Законот за јавнообвинителска служба.

Измените на овие закони во Собранието на Република Македонија, кон крајот на декември 2015 година, се донесени со обично мнозинство. Со измените во Законот за плати на јавните обвинители, како и со одредени решенија во Законот за јавнообвинителската служба, се изврши своевиден упад во автономноста и самостојноста на Специјалното јавно обвинителство.

Фактички, со законски измени кои во Собранието беа донесени со обично мнозинство, се обидоа да ја суспендираат примената на одредбите од Законот за Специјалното јавно обвинителство, иако овој закон е донесен со двотретинско мнозинство, дополнето со посебен услов, односно во согласност со четирите најголеми политички партии. Такво нешто не е познато во правната доктрина и правните системи на ниту една земја, па ниту кај нас.

Ваква постапка, двотретинско мнозинство, дополнето со посебниот услов, не била никогаш применета при донесување на еден закон, дури и Законот за Јавното обвинителство се носи само со двотретинско мнозинство, без посебен дополнителен услов, што уште повеќе ја потенцира специјалноста и исклучивата примена на одредбите од Законот за Специјалното јавно обвинителство во однос на примената на другите закони, а посебно во однос на Законот за платите на јавните обвинители и Законот за јавнообвинителска служба.

Затоа сметам дека се неосновани наводите во ревизорскиот извештај, дека Одлуките кои ги донесов три на број немаат законска основа во Законот за плати на јавните обвинители и Законот за јавнообвинителска служба.

Одредбите на овие закони сум ги применувала и сум ги почитувала и јас, и институцијата во целина, во делот на пресметката на додатоците на плата, како составен дел од платите на јавните обвинители и вработените во Специјалното јавно обвинителство.

Меѓутоа надоместоците на кои се однесуваат наведените Одлуки кои ги донесов, се однесуваат на нешто сосема друго.

Не може да се очекува од правната регулатива, тука мислам на законските прописи донесени пред донесувањето на Законот за Специјалното јавно обвинителство, да имаат законски решенија кои би се однесувале и на оваа специјална институција. Дотолку повеќе што никој не очекувал формирање на едно вакво обвинителство, па да предвиди, пред неговото формирање, одредби кои ќе се однесуваат и на тоа обвинителство.

Правото на надоместоците кои се определени со наведените Одлуки, како Специјален јавен обвинител го засновам на членот 6 и членот 15 од Законот за Специјалното јавно обвинителство. Согласно членот 6, ми беше дадена самостојност и автономија во раководењето со Специјалното јавно обвинителство. Во членот 15 се дадени описи на трошоците, односно во што се состојат средствата за работа на Специјалното јавно обвинителство, каде што меѓу другото се наведени и средства за плати и надоместоци на јавните обвинители и останатите вработени во Специјалното јавно обвинителство. Укажувам дека тука се опфатени и истражителите, бидејќи истите согласно концептот на Законот за Специјалното јавно обвинителство, требаше да бидат вработени во обвинителството-член 9 од Законот за Специјалното јавно обвинителство.

Одлуките за надоместокот ги донесов по приемот на материјалите кои ми беа предадени од страна на политичката партија СДСМ и за чија обработка и чување беше надлежно единствено ова јавно обвинителство. Во содржината на одлуките јасно се наведени причините за нивното донесување и во што се состои суштината на овој надоместок, за кој повторно ќе наведам дека произлезе од спецификата на материјалите кои му беа предадени на Специјалното јавно обвинителство, кои беа причина и основа за неговото формирање и основа за неговата надлежност.

Во нацрт ревизорскиот извештај, ревизорскиот тим воопшто не се произнел за суштината на нештата, туку стои едно формалистичко толкување на одредени законски решенија, за кои предходно се произнесов и нема да се повторувам.

Видот, карактерот, обемот и сложеноста на примените материјали од незаконското прислушување на разговорите, кои беа основа за формирањето и работата на Специјалното јавно обвинителство, наметнаа примена на критериуми, постапки, но и надоместоци кои до тогаш не биле познати за ниту една институција.

Во содржината на незаконски прислушуваните разговори има моменти кои и те како се однесуваат на јавниот интерес, но подеднакво задираат и во личниот живот и приватноста на граѓаните на Република Македонија, но и на други лица (амбасадори и сл. кои биле предмет на незаконското прислушување).

Донесените одлуки се токму во таа насока, да се обезбеди заштита на овие принципи и личниот живот.

Деновиве сите имавме прилика да видиме каков одек во јавноста имаат објави на одделни незаконски снимани материјали.

Не знам дали можете да претпоставите што би значело доколку еден, и тоа само еден, сензитивен разговор од содржината на незаконски прислушуваните разговори кои ми беа предадени на постапување, излезеше во јавноста???

Горда сум што тоа не се случи додека ја вршев функцијата Специјален јавен обвинител, а еден од заштитните механизми беа и надоместоците предвидени во наведените Одлуки.

И не само тоа, не излезе ниту една информација, ниту документ од моето работење и работењето на јавните обвинители, истражителите и другите вработени во Специјалното јавно обвинителство.

Нешто со кое не можат да се пофалат други институции, а ниту редовното обвинителство.

Повторно ќе наведам, Законот за Специјалното јавно обвинителство нема предвидено ограничувања во однос на исплатата на надоместоците, ниту по вид, ниту по износ, што е сосема разбирливо и во корелација со автономноста и самостојноста на Специјалниот јавен обвинител, но и со оглед на специфичната и сложеноста на самиот тип на работа, дотогаш непознат за нашите простори и пошироко.

Обемот на работа во Специјалното јавно обвинителство налагаше работно време многу подолго во однос на останатите јавнообвинителски институции, ангажмани на вработените и истражителите дотогаш не видени и непознати во работење на една институција, бидејќи ние, да не заборавиме, ја имавме спроти

себе заробената држава и целокупниот државен апарат во борбата против високата корупција.

Тоа бараше пожртвуваност, работен ангажман кој не може да се изброи преку саати за прекувремена работа, работа во неработни денови и празници.

Да не заборавам да ги наведам и заканите по нашиот живот и безбедност, по безбедноста на нашите семејства, за што доволно е да ги споменам случаите кои се јавно обелоденети, кога во тетратката пронајдена при претрес кај обвинет беа содржани податоци од деталното следење на движењето на обвинителите и други вработени во Специјалното јавно обвинителство.

Со вакви ситуации не се сретнувале обвинителите од редовното обвинителство, за кои исто така беа предвидени и исплатувани додатоци согласно Законот за платите на јавните обвинители.

Меѓутоа, специјалната поставеност на Специјалното јавно обвинителство, специфичниот предмет на работа, специфичната материја со која се соочивме, ја наметна потребата и од специфични надоместоци, кои не се предвидени за обвинителите во редовното обвинителство.

Инаку, вкупните средства за исплата на надоместоците по основ на наведените Одлуки, секогаш јасно и транспарентно беа наведени во Предлог-Буџетите на Специјалното јацно обвинителство, за кои исто така се надевам имавте прилика како ревизорски тим да ги видите, односно се надевам дека некој не ги сокрил.

Јасно и транспарентно е наведена ставката од Буџетот на Специјалното јавно обвинителство од каде ќе се исплатуваат овие средства и нивната намена.

Средствата се исплатувани од редовната буџетска сметка на Специјалното јавно обвинителство, значи нема никакви тајни сефови и сокриени исплати, секогаш се исплатувани од соодветната ставка каде беа планирани и одобрени со донесените буџети, што значи надлежните институции одговорни за исплата на овие надоместоци секогаш имале увид во финансиското работење на ова обвинителство.

Исплатените средства се регуларно пријавени во Управата за јавни приходи, со пресметан и платен персонален данок.

За моето работење редовно сум поднесувала извештаи до Советот на јавни обвинители и до Собранието на Република Македонија, како институции пред кои сум била единствено одговорна.

Каде е правната сигурност, ако една институција, конкретно Специјалното јавно обвинителство со кое јас раководев, четири години функционира без било каква забелешка во делот на исплатите на надоместоците, и одеднаш, се проблематизира нешто што е регулирано во специјален закон, кој ја исклучува примената на општите, генерални закони.

Дали пораката која на ваков начин се испраќа е: повеќе никој и никогаш во оваа држава да не се занимава со гонење на високата корупција, на начин како што го правев тоа јас и Специјалното јавно обвинителство, бидејќи на крајот, се ќе биде предмет на преиспитување, како што се случува сега, пост-фестум?

Јас не ги прифаќам наводите во нацрт ревизорскиот извештај дека сум немала законска основа за носење на наведените Одлуки, бидејќи од погоре наведеното е сосема јасно дека таква основа имав.

Меѓутоа, поставувам едно прашање, доколку е така, како што сега пост-фестум се тврди, дали треба во евентуалната одговорност да се вклучат и соодветните институции, односно одговорните лица во нив?

Дали треба да се вклучат двата состави на Влади и четирите министри за финасии во Владите на РМ, кои го одобрувале буџетот и исплатите на Специјалното јавно обвинителство, без било каква забелешка?

Дали треба да се вклучат и членовите на Советот на јавните обвинители пред кои сум поднесувала Извештаи за мојата работа, пратениците во Собранието до кои исто така сум доставувала извештаи, надлежните институции и одговорните лица до кои се доставувани завршните сметки на Специјалното јавно обвинителство, или пак надлежните од УЈП до кои биле доставувани годишните даночни пријави?

Во однос на бројките кои се изнесени во ревизорски Извештај неможам да се произнесам бидејки како што наведов и погоре јас не поседувам никаква документација кај себе.

И на крај, сметав и сметам дека класификацијата на наведените Одлуки со степен на доверливост е основана и во согласност со целокупната законска регулатива од таа област, но и со содржината на материјалите од незаконското прислушување на разговорите, во врска со кои се донесени наведените Одлуки.

Сметам дека изнесените забелешки се аргументирани и основани и дека ќе бидат земени во предвид од страна на Државниот завод за ревизија.

С.р. **КАТИЦА ЈАНЕВА**

**Прилог 7**

**ОДГОВОР**
**на забелешки**
**на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 27.07.2020 година, добиени се забелешки по Нацрт извештајот за извршената ревизија на усогласеност на тема „Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите" од г-ѓа Катица Јанева, поранешен јавен обвинител на Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-82/12 од 27.07.2020 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешките кои се однесуваат на констатираните состојби во делот на постапката на изготвување и доставување на Нацрт извештаите од Овластениот државен ревизор, како и обезбедување на присуство на завршен состанок на одговорното лице на субјектот на ревизија во периодот за кој е вршена ревизијата со цел информирање за резултатите од извршената ревизија и објаснување за понатамошната ревизорска постапка, **не се прифаќаат.**

   Имено, Државниот завод за ревизија е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија и ревизијата ја врши во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции - ИНТОСАИ и Кодексот на етика на ИНТОСАИ, како и методолошките акти на Државниот завод за ревизија усогласени со методологијата, начинот на работа и постапките регулирани со наведените меѓународни стандарди. Независноста на ДЗР е утврдена со Законот за државната ревизија, во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, мандатот во вршењето на ревизиите, начинот и пристапот до потребните информации, документација и евиденции за спроведување на ревизијата.

   Ревизијата на усогласеност на тема "Плати и додатоци на плати и други надоместоци во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите", за период од 2015 до 2019 година, е дел од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година, која е јавно објавена на веб страната

на Државниот завод за ревизија. Согласно закон, Главниот државен ревизор независно и самостојно ја утврдува годишната програма за работа за тековната година, а изборот и критериумите за темите и субјектите кои ќе бидат предмет на ревизија се утврдени со „Упатство за предлагање на ревизии за годишна програма за работа на ДЗР“, усогласени со одредбите од Лима декларацијата за принципите во ревизијата и декларацијата за независност од Мексико. Покрај останатите, еден од критериумите за утврдување на тема на ревизија е и барањата од надлежните органи и правни субјекти за вршење на ревизија. Во таа насока, наведената ревизија е дел на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година, согласно доставено барање за вршење на ревизија од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Целокупната документација која беше предмет на ревизија е обезбедена од страна на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од причина што согласно член 25 од Законот за државната ревизија овластениот државен ревизор има право на увид во книгите, обрасците и другата документација, електронските податоци и информационите системи на субјектот предмет на ревизија, како и за истото соодветно да извести, што е и наведено во ревизорските извештаи. Завршниот состанок, кој има за цел да го информира субјектот за резултатите од ревизијата и да му даде објаснување за понатамошната ревизорска постапка, се одржа согласно методолошките акти на ДЗР.

2. Забелешките кои се однесуваат на констатираните состојби во делот на остварувањето на правото на други надоместоци, точноста на пресметката, нивното евидентирање и исплата, како информации кои претставуваат класифицирани информации, **не се прифаќаат**.

   Имено, при вршењето на ревизијата беа земени во предвид одредбите посочени во законските и подзаконските акти, измените и дополнувањата на истите наведени во забелешките односно одредбите со кои на Јавниот обвинител на СЈО дадено му е дискреционо право самостојно да раководи со работата на СЈО, како и да има целосна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, понатаму одредбите со кои е регулирана отчетноста на СЈО за својата работа пред Собранието на РСМ и Советот на јавни обвинители, како и другите документи кои ја третираат предметната материја.